

**Ако имаш амбиција за професионален развој во динамична средина, со одлични услови и атмосфера за работа, пријави се на огласот и приклучи се на нашиот тим!**

УНИ Банка АД Скопје има потреба од мотивирани кандидати за вработување на следната работна позиција:

# Заменик директор во Дирекција правни работи

Бараме динамична и високо професионална личност, со одлично познавање на законската регулатива во земјата, која ќе обезбедува правна поддршка и ќе учествува во креирање и спроведување на стратешки одлуки.

## Треба да поседуваш:

- Високо образование - Правен факултет;
- Работно искуство на иста или слична позиција од минимум 3 години, предност ќе се имаат кандидати со искуство во финансискиот сектор;
- Одлично познавање на законската регулатива;
- Одлично познавање на банкарските продуктите и нивните карактеристики;
- Способност за самостојно носење одлуки и справување со сложени ситуации;
- Подготвеност за преземање одговорност и иницијатива и способност за брзо реагирање;
- Комуникациски и лидерски вештини;
- Познавање MS Office ти англиски јазик;

**Главни одговорности:**

- Асистирање на директорот во раководење на дирекцијата;
- Надзор и координација на тимот;
- Подготовка и контрола на договори, правни мислења и друга документација;
- Стручна и советодавна помош на дирекциите во Банката;
- Спроведува одлуки на Управниот одбор;
- Учествува во работни групи во рамки на работењето на Банката;

**Бенефиции:**

- Политика за наградување преку систем на бонуси;
- Обуки за личен и професионален развој;
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување;
- Спортски и тим билдинг активности;

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно, од понеделник до петок.

Доколку сте одговорна, прецизна и активна личност, ориентирана кон остварување на високи резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

На нашите вработени им нудиме динамична работа со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk,**најдоцна до 31.07.2025 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk.